NCFFM

**Декларација за формирање на**

# Национален комитет за семејно земјоделство
## на Република Македонија

Врз основа на определбите за помош, поддршката и развојот на семејното земјоделско стопанисување во Република Македонија, поддршката за локален економски развој, руралниот развој, како и подорбување на квалитетот на живеење на граѓаните, партнерите: Институт за развој на заедницата, Федерација на фармерите на Република Македонија и Мрежа за рурален развој, заедно со своите членови и соработници, на 29 јуни 2017 година во Скопје ја усвоија следната:

# ДЕКЛАРАЦИЈА

**за формирање на Национален комитет за семејно земјоделство на Република Македонија**

1. Комитетот за семејно земјоделство ги обединува сите заинтересирани страни кои имаат интерес да го поддржат процесот на развој на семејното земјоделство во Република Македонија.

2. Во отворен и транспарентен процес, Националниот комитет ќе се залага за поддршка на семејствата кои се занимаваат со земјоделие преку развој на мерки и спроведување на активности, согласно стартешките определби и реалните потреби.

3. Националниот Комитет ќе комуницира и соработува со сите правни и физички лица, државни и општински организации, институци, претпријатија и здруженија коишто може да помогнат за поддршка и развој на семејното земјоделство во Република Македонија.

4. За реализација на своите активности, Националниот комитет ќе мобилизира ресурси од сите достапни и расположиви извори за реализација на активности, согласно стратешките определби.

Основачи на Национален комитет за семејно земјоделство:

Институт за развој на заедницата

Мрежа за рурален развој

Федерација на фармерите на Република Македонија